LIBERTY

ЛИБЕРТИ АД СКОПЈЕ

Скопје, Март 2024

# ГОДИШЕН И ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

СОДРЖИНА


1. Општи информации
2. Продажба
3. Тековни операции
4. Безбедност и здравје
5. Животна средина
6. Корпоративна општествена одговорност
7. Краток осврт на идните планови за развој и раст
8. Настани за обелоденување
9. Финансиски извештаи

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ЛИБЕРТИ СКОПЈЕ е дел од Либерти Стил Групацијата во Република Северна Македонија, чија производна палета вклучува плочести ладно валани челични производи – ладновалани котури и ладновалан лим, поцинкувани котури и лимови, како и пластифицирани поцинкувани котури. Седиштето на Друштвото се наоѓа на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје. Главна стопанска дејност под која е регистрирано и работи друштвото е 24.10 – производство на сурово железо, челик и феролегури.

Друштвото ЛИБЕРТИ СКОПЈЕ (претходно: АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје) е иницијално основано во 1997 година, како резултат на процесот на преструктурирање и приватизација на Железара - Скопје. По завршувањето на процесот за преструктурирање, Друштвото беше продадено на Балкан Стеел Лихтенштајн од страна на Агенцијата за приватизација на Република Македонија. Подоцна, на 31 март 2004 година, Друштвото беше продадено на Миттал Стеел Н.В. (претходно ЛНМ Холдингс) врз основа на Договор за откуп на акциите и побарувањата склучен помеѓу Балкан Стеел Лихтенштајн и Миттал Стеел Н.В. (претходно ЛНМ Холдингс Н.В.), согласно кој се стекна со 8.601.561 обични акции од Ладна валавница АД – Скопје, кои претставуваа 44,52% од вкупно издадените акции на Друштвото. До крајот на 2006 година, сопственоста на Миттал Стеел Н.В. се зголеми на 88,47% од вкупниот акционерски капитал на Друштвото. Во текот на 2006 година, Миттал Стеел Н.В., компанија основана во Холандија, ја префрлила сопственоста над Друштвото на Миттал Стеел Холдингс АГ, компанија основана во Швајцарија. Како резултат на спојување на Арчелор СА и Миттал Стеел НВ во 2006 година, Друштвото го промени називот во АрчелорМиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, кое на 24 септември 2007 година е регистрирано во Централниот Регистар. На 31 Декември 2019 година ArcelorMittal Holdings A.G. поседува 93,24% од акциите на Друштвото. На 9 март 2020 година се промени сопственичката структура на Друштвото, откако Liberty Holdco Galati & Skopje Limited Galati & Skopje Limited, Лондон, Велика Британија, ги откупи акциите на ArcelorMittal Holdings A.G. Како резултат на тоа новиот мнозински сопственик на 93,24% од акциите на Друштвото е Liberty Holdco Galati & Skopje Limited Galati & Skopje Limited. На 19 март 2020 година Друштвото изврши промена на називот во ЛИБЕРТИ СКОПЈЕ.

Годишното производство на ЛИБЕРТИ СКОПЈЕ е околу 150 илјади тони, а готовиот производ 90% се продава на поранешните ЈУ простори, Грција, Бугарија и Романија. Ладната валавница е меѓу најголемите компаниии во Република Северна Македонија. ЛИБЕРТИ СКОПЈЕ.има годишен производствен капацитет од 750 илјади тони ладновалан, 200 илјади тони поцинкуван како и 77 илјади тони пластифициран челик со кои ги опслужува клиентите од градежната и општата индустрија низ Балканот и Југоисточна Европа. Друштвото произведува ладно валан челик, поцинкувани котури и плочи, и пластифицирани котури.

Фабриката има голем број на производствени процеси, вклучувајќи: линија за Лужење, Тандем, Двостан, Поцинкална и линија за Пластификација. Почнувајќи од топловалани котури како влезен материјал, фабриката има постројки за да го реализира постапното третирање на производите: лужење, ладно валање, жарење, поцинкување, пластифицирање и пакување. Оперативната филозофија на Друштвото е да произведе безбеден, одржлив челик, а воедно и да обезбеди флексибилна и сигурна услуга со краток рок на испорака и одлична корелација со клиентите.

Во рамки на своето портфолио на производи, Друштвото ги нуди следните типови на производи:

- Пластифициран лим – производ за широка потрошувачка кој ги комбинира структурните карактеристики на челикот со заштитните и естетските својства на пластификатот. Достапен е во

различни квалитети, широка палета на бои и површински аспект. Овој производ е специјално развиен за задоволување на барањата на цврстина, флексибилност, издржливост како и исплатливост во секторот на градежништво

- Поцинкуван лим – може да се користи во многу широк спектар на намени за индустриски пазари, градежништво, апарати за домашна употреба и други намени, како за внатрешна така и надворешна употреба.

- Ладно валан лим – опсегот на челици наменети за ладно обликување се користат во процеси на виткање и извлекување и типична примена може да најдат во изработката на апарати за домаќинство, индустријата за производство на мебел, буриња, радијатори, итн.

Либерти Стил Групацијата е дел од ГФГ алијансата (Gupta Family Group Alliance), заедно со останатите два основни индустриски брендови – АЛВАНС Алуминиум Груп и СИМЕК Енерџи Груп, кои функционираат независно една од друга, но под истиот систем на вредности преку заедничка стратегија, вредности и намера за креирање на одржлива иднина за индустријата и општеството. Покрај нејзините основни индустриски брендови, ГФГ алијансата е сопственик на инвестиции во финансиски услуги, имот и сл. Исто така, во рамки на истата функционира и фондацијата ГФГ – регистрирана добротворна организација која работи на унапредување на индустриските вештини кај младите луѓе. Алијансата вработува 35.000 луѓе во светски рамки, во 30 земји и има приходи од 20 милијади долари.

Либерти Стил Групацијата претставува целосно интегриран бизнис за рударство и челик со глобално присуство во 12 земји. Опсегот на производи на Либерти Стил Групацијата опфаќа производство на железна руда и кокс, течен челик произведен од како од примарни суровини, така и од рециклирани материјали, преку полупроизводи, долги и плочести челични производи, па сè до производи на прецизна механика и поврзани услуги, кои се диструбуираат на сите страни на светот.

Валачкиот капацитет на повеќе од двестето фабрики распространети во 12 земји во светот е околу 20 милиони тони, поддржуван од над 30.000 вработени. Производната палета на челични производи содржи челици со различни нивоа на јакост и спецификации како би се пресретнала побарувачката од купувачите, и сето тоа покриено со меѓународни сертификати за квалитет. Меѓу клиентите на Групацијата се производни капацитети на челик, дистибутери, производители на автомобили, аеронаутската индустрија, градежништво, индустрија за нафта и гас, поморски сообраќај, индустријата за енергетика, општо инженерство, мото-спортови, производи за широка и специјализирана употреба, земјоделство и рударство.

Како дел од ГФГ алијансата, Либерти Стил Групацијата ја следи нејзината општа насока во постигнување на стратешката определба за одржливост. Радикалната промена на начинот на кој се произведува челикот, како и производството на производи кои се од круцијално значење за развојот на луѓето, се манифестира преку тенденцијата за постигнување на јаглеродна неутралност до 2030 година, преку стратегијата „ЗЕЛЕН ЧЕЛИК“. Оваа стратегија подразбира рециклирање на челик, употреба на нови производни технологии за производство на челик со употреба на водород и обновливи извори на енергија. Главната премиса во работењето на групацијата е одржување на чиста и здрава животна средина, што ќе придонесе за позитивен општествен развој и користи за генерациите кои доаѓаат.
Основните вредности на Групацијата се:

- Промени – препознавањето на промените како нераскинлив дел на модерното живеење и постанување на креатор на промените, наместо следбеник на истите,

- Семејство – премисата дека работната сила на Групацијата и ГФГ алијансата се повеќе од само тим, осносно дека се семејство кое се грижи и за иднината на следните генерации и

- Одржливост – бизнис кој ќе биде одржлив од економски, социјален и аспект на зачувување на животната средина.

Глобалната регионалната поделба на операциите на Либерти Стил Групацијата подразбира 4 главни региони на присуство на Групацијата, со дополнителни капацитети низ Азија и Индија:

- Либерти Стил Оберинето Кралство – покрива 10 локации во Англија, Шкотска и Велс, при што вработува 3.000 луѓе со годишни капацитети за производство на течен челик од 1 мил. тони и валање од 3 милиони тони.

- Либерти Стил Континентална Европа – од 2019-тата година, кон Либерти Стил Групацијата беа припоени и неколку фабрики од Арцелор Миттал во 6 европски земји, со опсег на производи од примарен челик до фабрички челични производи. Комбинира- ниот капацитет на овие фабрики за производство на течен челик е 6,5 мил. тони годишно, а капацитетот за валање е дури 11 мил. тони. Фабриките вработуваат 17.000 луѓе.

- Либерти Стил САД – со главните капацитети сместени во Илиноис и Јужна Каролина, сместени на 16 лок ации и годишно производство на течен челик и валање од 2,5 мил. тони е една од водечите производители на челик во САД. Вработува 1.500 луѓе и е една од ретките индустрии каде производот се прави од 100% американска суровина.

- Либерти Стил Австралија – активностите на Либерти Стил групацијата во Австралија се состојат од примарен челик и рударство, со седиште во Вајала, Јужна Австралија, Нов Јужен Велс, како и производсрво на челични греди за градежната индустрија, како единснтвен производител од таков вид во земјата. Бизнисот е распространет на 171 локација ширум Австралија, вработува 6.100 луѓе, со годишни капацитети за примарен челик од 2,8 милиони тони и 4 милиони тони готов челичен производ.

## 2. ПРОДАЖБА

Основен фактор кој го детерминира работењето на компанијата е нивото на побарувачка за неговите производи. Со оглед на ограниченоста на обемот на побарувачка за производите во рамки на домашниот пазар, работењето на компанијата се разгледува од аспект на регионот и во светски рамки.

Реализираните приходи од продажба во периодот до 31.12.2023 во споредба со 31.12.2022 бележат намалување, и кај приходите од продажба од извоз, и кај домашеното пазар.

За жал, негативното влијание на светката економската криза како и економските последици од војната во Украина, сеуште се значително се чуствува во индустријта. Падот во приходите пред се е продолжена рака на целокупната економска состојба во светот а ние како увозно извозно ориентирана компанија значително го чуствуваме ова влијание. Иако цените на суровините - топловаланата трака како и цените на енергенсите се навидум се стабилизираа, се уште ги држат цените на чинење на произведените производи на високо ниво додека цените на готовите

производи не го следеа тој раст од една страна, а од друга страна и намалената побарувачка за готов производ доведоа до намалување на призводството и продажбата со што се намалија и приходите.

Реализираните приходи од продажба ( 31.12.2022 – 31.12.2023) во 000 денари

31.12.2022 8.477.817

31.12.2023 5.910.484

Структура на приходите од продажба (31.12.2022 – 31.12.2023) во 000 денари

| ***Опис*** | **31.12.2022** | **31.12.2023** |
|---|---|---|
| ***Приходи од домашен пазар*** | 1.443.002 | 1.116.051 |
| ***Приходи од извоз*** | 7.034.815 | 4.794.433 |

Со промената на сопственоста на компанијата во Либерти групацијата, начинот на продажба се менува со што продажбата се реализира со крајните купувачи, на слободен пазар. Побарувањата од купувачите се воглавно обезбедени со авансни плаќања, банкарски гаранции или осигурани парични лимити за продажба кои ги гарантираат осигурителни компании.

## 3. ТЕКОВНИ ОПЕРАЦИИ

Со цел подобрување на резултатите од работењето, основна определба на компанијата е:

- Систематското управување со квалитетот на работните процеси,
- Воспоставувањето на долгорочни партнерски односи со купувачите и добавувачите,
- Реализација набарањата на купувачите,
- Квалитет на производите и услугите , усогласен со нормативните барања на стандардите и законските регулативи,
- Постојана обука на персоналот за реализација на работните процеси,
- Тимска работа и комуникација и
- Постојано подобрување на реализацијата и квалитетот на работните процеси.

Во продолжение се инвестициите кои компанијата ги заврши во 2023:

- **Модернизација на одмотувачи на Пластификација** е направена со замена на воздушните кочници со нов систем за постигнување на влезно затегање со помош на електромотор, нов редуктор и трн. Со оваа инвестиција се намалуваат застоите предизвикани од застарените кочници, се подобри квалитетот поради стабилното влезно затегање и се подобри безбедноста при работа на влезниот дел на линијата со елиминирање на потребата за рачно внесување на трака во процес. Статус - опремата е монтирана и пуштена во работа во првата половина на 2023 година.

- **Модернизирање на електро опремата на машината за заварување на Лужилница** е направено со замена на старата релејна контрола со PLC контролер, промена на ротациониот прекинувач со апсулутен енкодер, нови кабли до хидрауличните вентили и замена на операторските пултови. Со ивестицијата се подобрува на доверливоста на машината за заварување. Статус - опремата е монтирана и пуштена во работа во првата половина на 2023 година.
- **Единица за деми вода и систем за развод на линиите Пластификација и Тандем** . Со инсталирање на систем за производство на деми вода со реверзибилна осмоза со капацитет од 10t/h воведена е деми водата во процесите каде претходно не се користеше со што е подобрен квалитетот на материјалот, намалено е оштетувањето на опремата поради создавање на каменец и намален е трошокот за 1т деми вода. Статус - главната единица за деми вода е монтирана и пуштена во работа во првата половина на 2023, додека разводната линија до линијата за Пластифициран лим заедно со пумпна станица е инсталирана и пуштена во работа во 3тиот квартал на 2023 година.
- **Подобрување на систем за топловодно греење со користење на сопствен енергенс - пареа**. Направена е модификација на системот за греење со монтажа на топлоизменувач пареа-вода, автоматски вентили и дополнителна цевна инсталација со што е зголемена ефикасноста, флексибилноста и намален е трошокот по единица топлинска енергија. Статус -опремата е монтирана во 3-от квартал на 2023, тестирана и пуштена во работа во 4-от квартал на 2023 со почетокот на грејната сезона.

Планирани инвестиции за 2024 година:

- **Нова узда бр.1 по машина за заварување и нова узда пред Дансинг рол на линијата за Поцинкуван лим**. Цел - подобрување на затегањето и многу постабилна трака на влезниот дел на линијта . Статус - опремата е испорачана во 2023 година. Монтажа и пуштање во работа се очекува во првиот квартал на 2024 година.
- **Замена на стари капаци на кади бр.3 и бр.4 за киселина на Лужилница.** Цел - елиминирање на присутво на киселински пареа во погон која ја оштетува електро-машинската опрема и негативно влијае на здравјето на вработените. Статус - капаците се монтирани на крајот на 2023, поврзување со постојната инсталација, тестирање и пуштање во работа се очекува во првиот квартал на 2024.
- **Пуштање во работа на када бр.1 на Пластификација** како дел од системот за припрема на трака пред фарбање. Цел - со дополнителна када за перење на трака ќе се подобри системот за припрема на трака а со тоа и ќе се подобри и квалитетот на пластифицираниот лим. Статус - опремата е монтирана во четвртиот квартал на 2023 година. Тестирање и пуштање во работа ќе се изврши во првиот квартал на 2024 година.
- **Инсталирање на линиски Скин Пас (SKP) на линијата за Поцинкуван лим со нова узда за затегање** на трака меѓу постојната затегнувачка рамналка и SKP со што поцинкуваниот лим наменет за боење на линијата за Пластификација ќе се процесира без да се праќа на надворешни постројки за дополнителна доработка. Цел - намалување на трошокот за производство со намалување на број на постојки на кои се обработува пластифицираниот

лим, намалување на транспортот, зголемување на извадокот. Статус - барање на понуди, изработка на проектна документација, набавка на опрема, монтажа и пуштање во работа се очекува во текот на 2025 година.

- **Инсталирање на рекуператор** во цевоводот за издувни гасови од предгрејач на печка на линија за Поцинкуван лим. Рекуператорот ќе ја користи енергијата на издувни гасови и ке го загрева воздухот за бренерите за предгрејач. Цел - намалување на трошоците за работа преку намалување на потрошувачката на природен гас за 15%, намалување на емисија на издувни гасови. Статус - изработка на проектна документација, набавка на опрема, монтажа и пуштање во работа се очекува до крајот на 2024 година.
- **Инсталирање на нов сопствен систем за употреба на рециркулирачка вода за ладење на печка на Поцинкална.** Цел - подобрување на системот за ладење на печка на Поцинкална, употреба на вода со однапред дефинирани параметри кои ке ја зголемат ефикасноста на ладењето и векот на траење на елементите кои се ладат со вода на печка Поцинкална. Статус - изработка на проектна документација, набавка на опрема, монтажа и пуштање во работа се очекува до крајот на 2024 година.

## 4. БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Либерти Скопје во континуитет превзема активности и мерки за безбедноста и здравјето при работа ,водејќи се од начелото за здрава и безбедна работна средина како приоритет број еден.Кон остварувањето на овие цели имплементирани се повеќе стандарди за безбедно работење како и најдобри пракси превземени од компниите во рамките на корпорација.

Од активностите за 2023 година би ги издвоиле:

- Фокус на менталното и физичкото здравје на вработените преку организирање на тематски сесии на овие теми презентирани од доктори специјалисти од областите. Организирани се вкупно 7 сесии на кои вкупно беа опфатени 200 вработени, на теми:
  - Стрес,анкциозност и депресија
  - Леукемија и трансплатација на матични клетки
  - Хиперлипидемија -покачено ниво на холестерол и триглицериди-симптоми и превенција
  - Ментално здравје
  - Топлински удари-прва помош и превенција
  - Бучава-заштита и превентивни мерки
  - Рак на дојка-рана дијагностика и превенција
- Организирани обуки за прва помош на работно место од специјализирана установа на вкупно 28 вработени -Лица од тимови за брза интервенција
- Организирани обуки за заштита од пожари и практична употреба на ПП апарати од специјализирана установа на вкупно 24 вработени - Лица од тимови за брза интервенција

- Завршени формализирани тренинзи на 48 нововработени од областа на безбедност при работа според правилници, за стандардите за безбедност на работа на конкретните работни места.

Како хуманитарни акции во 2023 година организирани се

- Акција под мотото *Биди Срцевина Биди Херој* организирана во соработка со Институт за Имунобиологија и хумана генетика-Медицински Факултет, каде 39 вработени дадоа примероци од крвта и влегоа во регистарот за Македонски дарителски регистарза коскена срцевина.
- Крводарителска акција со учество на 25 вработени.

Планирани активности за 2023 година

- Почеток на програма за психосоцијална безбедност по името *Се Грижиме,* како дел од корпоративна кампања насочена кон менталното здравје и грижа за вработените.
- Предавања на теми за здравје од доктори специјалисти
- Работа проверка и унапредување на стандардите за здравје и безбедност поставени од корпоративно ниво.

## 5. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Либерти Скопје во своето работење како индустиски капацитет постојано работи кон исполнување на законските норми и унапредување на квалитетот на Животната средина и импактот на индустријата врз истата, со примена на технологии и добри пракси

Како компанија која поседува А интегрирана дозвола издадена од министерството за Животна Средина и просторно планирање,Либерти Скопје се обврзува да врши редовни мерења на издувни гасови, квалитет на отпадни води, бучава и квалитет на отпадни води, кои во 2023 беа во рамките на дозволенните вредности.

Активно и во согласнот со законот работи и со менаџирањето на отпадот, како и негово селектирање и предавање на овластени компании со дозвола за ваков тип на дејност.

Активно се работи за изнаоѓање на решенија и реупотреба на отпадите од технолошките процеси како секундарна суровина онаму каде е изводливо.

Во текот на 2023 година во Либерти Скопје се спроведе и аудит од страна на светски познатата платформа Ecovadis , за рангирање на компанијата во неколу категории , од кои и посветеноста на компанијата за мерки за заштита на животната средина , и истата беше рангирана со бронзен медал како компанија која спроведува мерки и се залага со своите активности за заштита на Животната Средина.

## 6. КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Како компанија која постојано се залага за спроведување позитивни практики од аспект на општествена одговорност, во суштината на ЛИБЕРТИ АД Скопје, како одраз на групацијата ГФГ Алијанса, е стремежот за оставање придонес во заедницата во која функционира и има директно и постојано влијание врз неговото работење, како и врз неговите работни односи.

Во фокусот на нашата стратегија за корпоративната општествена одговорност во 2023 година беше процесот на комуникација и интеракција со сите засегнати страни. Компанијата продолжи со своите залагања за јакнење на партнерствата со своите вработени, добавувачи, деловни партнери и институции, како и локалната и пошироката заедница, преку различни иницијативи и споделување на најдобри практики.

Дел од нашите проекти кои беа реализирани во текот на минатата 2023 година се:

- Успешна реализација на проектот за унапредување на средното стручно образование - Дуален систем во електротехничко училиште „Михајло Пупин"
- Поддршка на „Денови на електротехника" – настан за промоција на техничките школи
- Донации на техничка опрема на ЕТУЦ „Михајло Пупин"
- Проект за нашите вработени – „Подај ми рака" – донации за нашите вработени и нивните блиски за лекување
- Волонтерски акции за чистење – акции за чистење во и околу работната средина
- Организирање и присуство на развојни програми и обуки за вработените
- Платена практикантска работа за студенти од локални факултети
- Учество на саем за вработување
- Реализирана Graduate program- работа на проект во времетраење од 1 година за студенти од техничките факултети
- Организирање на настани за благосостојабата на нашите вработени (планинарски тури)
- Организирани крводарителски акции
- Донации за настраданите од земјотресот во Р. Турција
- Стипендирање на студии на 2 деца на вработен во Либерти Скопје

## 7. КРАТОК ОСВРТ НА ИДНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ И РАСТ

Прв приоритет е безбедност и здравје на вработените како и животната средина. Приоритет на компанијата е да продолжи да расте и на други пазари и да продолжи да развива нови продукти на барање на нашите потрошувачи со цел да ги задоволи нивните потреби и барања. Компанијата ќе продолжи да се залага во унапредување на стратегијата за намалување на внатрешните трошоци за да биде конкурентна на пазарот.

На нашата компанија како дел од Либерти групацијата и се отвара нова можност не само за продолжување на производството на челик и ширење кон други пазари, туку и за развој и модернизација на компанијата како и внес на нови искуства и видици.

Во фокусот на групацијата е еколошкото производство, односно производство кое е јаглерод – неутрално, и тоа до 2030. Ова подразбира истражување во однос на најдоброто користење на новите технологии, како што е производство на челик со емисија на водород преку обновливи извори. Ова вклучува и рециклирање на челичен отпад во електрични печки и користење на обновливи извори на енергија. Целта е да се намали потрошувачката на струја и емисијата на CO2.

По успешно завршените 2020 и 2021 со добивка која е остварена од оперативното работење на компанијата, како резултат на напорната работа на сите инволвирани страни и вработените на што сме посебно горди, во 2023 како и во 2022 година завршивме со загуба која целосно беше диктирана и раководена од новонастанатата светска криза и војната во Украина која целосно го промени текот на побарувачката на готови производи како и нагорниот вртоглав раст на цените на репроматеријалите и енергенсите. Овие брзи промени се многу тешко прилагодливи во големите тешки индустрии а со тоа и загубите кои ги претрпевме се значителни. Сепак, и од оваа година излеговме горди и задоволни бидејќи и по сите тешки моменти и предизвици успеавме да се одржиме на пазарот, да работиме без ниеден ден застој и да ги задржиме вработените на работа низ целата година и иако завршивме со загуба сепак е помала од минатата година.

Проекциите за 2024 секако се движат во позитивна насока, тешко е ваквите индустрии брзо да се вратат во позитивни резултати, но задоволни сме што сепак успеваме полека да се враќаме кон нормалата без притоа да ги загрозиме процесите или да затвараме линии.

## 8. НАСТАНИ ЗА ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ

Во текот на 2023 година донесена е Одлука за намалување на основната главнина во износ од 8.045.922.245,00 МКД за сметка на намалување на акумулираната загуба. За оваа трансакција беше намален номиналниот износ на една обична акција на 1,10 Евро. Со ова и акциите се доведоа на ниво поблиско до нивната пазарна вредност. Основната главнина на акционерското друштво е поделена на 32.950.713 обични акции според акционерската книга, кои сега имаат номинална вредност за една акција од 1,10 Евро. Оваа трансакција и одлуките беше објавена и на Македонска берза.

## 9. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Друштво: Liberty AD Skopje
Период на известување: 01.01 - 31.12
Година: 2023
Извештајот е консолидиран: не

# Биланс на состојба

(Извештај за финансиската состојба)

*Податоците се во 000 денари*

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| *СРЕДСТВА* | | | |
| **ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **1,139,786** | **1,064,352** | **93** |
| **Нематеријални средства** | 5,905 | 5,905 | **100** |
| **Материјални средства** | **1,129,143** | **1,055,877** | **94** |
| Недвижности | 187,882 | 163,437 | 87 |
| Постројки, опрема, транспортни средства, алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 941,261 | 892,440 | 95 |
| Биолошки средства | 0 | 0 | 0 |
| Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **Вложувања во недвижности** | 0 | 0 | **0** |
| **Долгорочни финансиски средства** | **4,739** | **2,570** | **54** |
| Вложувања во подружници | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 4,739 | 2,570 | 54 |
| Побарувања по дадени долгорочни заеми | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во хартии од вредност | 0 | 0 | 0 |
| Останати долгорочни финансиски средства | 0 | 0 | 0 |
| **Долгорочни побарувања** | 0 | 0 | **0** |
| **Одложено даночно средство** | 0 | 0 | **0** |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **2,337,118** | **1,554,244** | **67** |
| Залихи | 1,241,353 | 775,927 | 63 |
| Побарувања од купувачите | 150,831 | 120,724 | 80 |
| Останати побарувања | 852,594 | 628,781 | 74 |
| Краткорочни вложувања | 0 | 0 | 0 |
| Пари и парични еквиваленти | 92,340 | 28,812 | 31 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **3,476,904** | **2,618,596** | **75** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | 5,197,866 | 5,467,827 | 105 |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ*** | **454,538** | **-410,691** | **-90** |
| Основна главнина и ревалоризациони резерви | 10,292,862 | 2,246,940 | 22 |
| Резерви | 442,526 | 388,069 | 88 |
| Акумулирана добивка (загуба) | -10,280,850 | -3,045,700 | 0 |
| Малцински удел | 0 | 0 | 0 |
| ***ОБВРСКИ*** | **3,022,366** | **3,029,287** | **100** |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **3,006,981** | **1,871,282** | **62** |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 1,842,333 | 1,869,570 | 101 |
| Обврски за краткорочни кредити и хартии од вредност | 1,154,318 | 212 | 0 |
| Краткорочни резервирања | 0 | 0 | 0 |
| Обврски кон државата | 10,330 | 1,500 | 15 |
| Останати краткорочни обврски | 0 | 0 | 0 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР) | 0 | 0 | 0 |
| Обврски по основ на нетековни средства (или групи за отуѓување) кои се чуваат за продажба и прекинати работења | 0 | 0 | 0 |
| **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **15,384** | **1,158,005** | **7,527** |
| Обврски за долгорочни кредити и хартии од вредност | 15,384 | 1,158,005 | 7,527 |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | 0 | 0 | 0 |
| Останати долгорочни резервирања | 0 | 0 | 0 |
| Одложени даночни обврски | 0 | 0 | 0 |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **3,476,904** | **2,618,596** | **75** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА** | 5,197,866 | 5,467,827 | 105 |

Друштво: **Liberty AD Skopje**
Период на известување: **01.01 - 31.12**
Година: **2023**
Извештајот е консолидиран: **не**

# Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на претходна година |
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **8,848,629** | **5,912,430** | **67** |
| 2 | Приходи од продажба | 8,477,817 | 5,910,484 | 70 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 1,443,002 | 1,116,051 | 77 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 7,034,815 | 4,794,433 | 68 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | XXXXX | XXXXXX | xxxxx |
| 4 | Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | 1,371,940 | 1,172,313 | 85 |
| 5 | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината | 1,172,313 | 704,964 | 60 |
| 6 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Останати оперативни приходи | 370,811 | 1,946 | 1 |
| 8 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **9,590,875** | **6,278,418** | **65** |
| 9 | Набавна вредност на трговски стоки | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Трошоци за суровини и други материјали | 7,803,798 | 5,365,100 | 69 |
| 11 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 1,105,068 | 559,899 | 51 |
| 13 | Останати трошоци од работењето | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Трошоци за вработените | 410,594 | 402,943 | 98 |
| 15 | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 85,093 | 85,401 | 100 |
| 16 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Резервирања за трошоци и ризици | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Останати расходи од работењето | 426,442 | -134,926 | -32 |
| 20 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **-941,874** | **-833,337** | **0** |
| 21 | **Финансиски приходи** | **88,877** | **116,127** | **131** |
| 21а | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 88,877 | 116,127 | 131 |
| 21б | Останати приходи од финансирање | 0 | 0 | 0 |
| 21в | Удел во добивката на придружените друштва | 0 | 0 | 0 |
| 22 | **Финансиски расходи** | **91,607** | **140,666** | **154** |
| 22а | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 91,607 | 140,666 | 154 |
| 22б | Останати расходи од финансирање | 0 | 0 | 0 |
| 22в | Удел во загубата на придружените друштва | 0 | 0 | 0 |
| 23 | **Добивка/ загуба од редовно работење** | **-944,604** | **-857,877** | **0** |
| 24 | Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување | 0 | 0 | 0 |
| 25 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **-944,604** | **-857,877** | **0** |
| 26 | Данок од добивка | 0 | 0 | 0 |
| 27 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **-944,604** | **-857,877** | **0** |
| 28 | **Малцински интерес** | 0 | 0 | 0 |
| 29 | **Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото** | **-944,604** | **-857,877** | **0** |
| 30 | Нето останата сеопфатна добивка/загуба | 0 | 0 | 0 |
| 31 | **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **-944,604** | **-857,877** | **0** |

Друштво: **Liberty AD Skopje**
Период на известување: **01.01 - 31.12**
Година: **2023**
Извештајот е консолидиран: **не**

# Извештај за паричниот тек

*Податоците се во 000 денари*

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| ***А) Парични текови од оперативни активности*** | ***-158,509*** | ***8,006,015*** | ***0*** |
| **Нето добивка/загуба после оданочување** | -944,599 | -857,877 | 0 |
| *Прилагодување за:* | | | |
| Амортизација | 85,093 | 85,401 | 100 |
| Оштетување на средства и резервирања | 1,561 | 8,038,569 | 514,963 |
| Зголемување/намалување на залихи | 463,329 | 600,998 | 130 |
| Зголемување/намалување на купувачите | 36,002 | 30,106 | 84 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | 0 | 0 | 0 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | 433 | 223,813 | 51,650 |
| Зголемување/намалување на АВР | 0 | 0 | 0 |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | 271,921 | -108,334 | -40 |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | 0 | 0 | 0 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | -70,182 | -8,831 | 0 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 0 | 0 | 0 |
| Расходи/приходи од камати | 0 | 0 | 0 |
| Исплатени/наплатени дивиденди | 0 | 0 | 0 |
| Расходи за платен данок | 0 | 0 | 0 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на основни средства | 0 | 0 | 0 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на вложувања | -2,067 | 2,169 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од оперативни активности | 0 | 0 | 0 |
| ***Б) Парични текови од инвестициони активности*** | ***-187,344*** | ***-8,058,058*** | ***0*** |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | -187,344 | -12,135 | 0 |
| Продажба на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | 0 | 0 | 0 |
| Парични приливи од продажба на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | 0 | -8,045,922 | 0 |
| Парични исплати за стекнување на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | 0 | 0 | 0 |
| Парични аванси и заеми дадени на други лица (освен оние од финансиски институции) | 0 | 0 | 0 |
| Парични приливи од наплата на дадени аванси и заеми на други лица (освен оние од финансиски институции) | 0 | 0 | 0 |
| Приливи/ одливи од камати | 0 | 0 | 0 |
| Приливи/ одливи од дивиденди | 0 | 0 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од инвестициони активности | 0 | 0 | 0 |
| ***В) Парични текови од финансиски активности*** | ***-29,620*** | ***-11,485*** | ***0*** |
| Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност | 0 | 0 | 0 |
| Парични исплати за враќање на заеми | 0 | 0 | 0 |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | -29,620 | -11,485 | 0 |
| Стекнување на малцински интереси | 0 | 0 | 0 |
| Исплатена дивиденда | 0 | 0 | 0 |
| Откуп / продажба на сопствени акции | 0 | 0 | 0 |
| Парични исплати за намалување на обврските по основ на финансиски лизинг | 0 | 0 | 0 |
| ***Зголемување/намалување на паричните средства*** | ***-375,473*** | ***-63,528*** | ***0*** |
| **Парични средства на почеток на годината** | 467,813 | 92,340 | 20 |
| ***Г) Парични средства на крајот на годината*** | ***92,339*** | ***28,812*** | ***31*** |

Друштво: Liberty AD Skopje
Период на известување: 01.01 - 31.12
Година: 2023
Извештајот е консолидиран: не

# Извештај за промените во капиталот

*Податоците се во 000 денари*

| Промени | Капитал на акционерите | | | | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | | |
| **Состојба на 1 Јануари претходната година** | 10,282,099 | 10,763 | 396,002 | -9,291,288 | 0 | 1,397,576 |
| Уплата на акции | | | | | | 0 |
| Откупени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Продадени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | -944,599 | | -944,599 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | 92,400 | -92,400 | | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | | | | | | 0 |
| Останати резерви | | | | | | 0 |
| Процена на материјални средства | | | | | | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | | | | | 0 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | | | | | | 0 |
| Малцински интерес | | | | | | 0 |
| Одложени даноци | | | | | | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | | | | | | 0 |
| Курсни разлики | | | | | | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | -45,875 | 47,438 | | 1,563 |
| **Состојба на 31 Декември претходната година** | 10,282,099 | 10,763 | 442,527 | -10,280,849 | 0 | 454,540 |
| Уплата на акции | | | | | | 0 |
| Откупени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Продадени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | -8,045,922 | | | | | -8,045,922 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | -857,877 | | -857,877 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | 0 | 0 | | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | | | | | | 0 |
| Останати резерви | | | | | | 0 |
| Процена на материјални средства | | | | | | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | | | | | 0 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | | | | | | 0 |
| Малцински интерес | | | | | | 0 |
| Одложени даноци | | | | | | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | | | | | | 0 |
| Курсни разлики | | | | | | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | -54,458 | 8,093,026 | | 8,038,568 |
| **Состојба на 31 Декември во тековната година** | 2,236,177 | 10,763 | 388,069 | -3,045,700 | 0 | -410,691 |

ЛИБЕРТИ АД Скопје,

ЛИБЕРТИ Акционерско друштво за производство и промет со на црна металургија-ладно валан поцинкуван и пластифициран лим • Скопје •
LIBERTY
1

LIBERTY

**ЛИБЕРТИ**
Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија-ладно валан поцинкуван и пластифициран лим
Бр. 04-3824-4
23.04 2024 год.
СКОПЈЕ

# ИЗЈАВА
**за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување**

Ние, членови на Одборот на директори на друштвото ЛИБЕРТИ АД Скопје, изјавуваме дека друштвото ЛИБЕРТИ АД Скопје, во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

Друштвото ЛИБЕРТИ АД Скопје, ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил„ преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на друштвото ЛИБЕРТИ АД Скопје, и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на друштвото ЛИБЕРТИ АД Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Април, 2024

# STATEMENT
**of compliance with the Corporate Governance Code**

We, the undersigned members of the Management Board of Liberty AD Skopje, hereby state that in its operations LIBERTY AD Skopje adheres to the Corporate Governance Code for joint stock companies listed on the Macedonian Stock Exchange AD Skopje, published on the Stock Exchange's website at www.mse.mk.

LIBERTY AD Skopje adheres to the principles and best practices of corporate governance prescribed by the Code according to the „comply or explain„ approach by submitting questionnaires, the form and content of which are prescribed with the Code.

By this Statement we hereby confirm that the questionnaires are published on SEI-NET and the website of LIBERTY AD Skopje, and the answers contained therein are correct and true and accurately show the application of the principles and best practices of corporate governance by LIBERTY AD Skopje as prescribed by the Corporate Governance Code.

April, 2024

**For LIBERTY AD Skopje / За ЛИБЕРТИ АД Скопје**
(Board President/ Претседател на одбор на директори)

AGGARWAL AJAY KUMAR — Digitally signed by AGGARWAL AJAY KUMAR Date: 2024.04.23 15:38:06 +02'00'

Ajay Kumar Aggarwal/Аџај Кумар Аггарвал